Согласно член 35 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија бр. 52/2010, 135/11 и 55/16) Одборот на Фондацијата “НИКОЛА ЈАНЧЕВ” Кавадарци на ден 14.02.2018 година ја донесе следнава:

П Р О Г Р А М А

За дејствување на Фондацијата “НИКОЛА ЈАНЧЕВ” Кавадарци.

Визијата на Фондацијата е “Кавадарци да стане хумана заедница во кој секој му помага на секому го третира со респект, љубезност и почитување”.

Мисијата на Фондацијата е “Поддршка и помагање на луѓе од Општина Кавадарци на кои им е неопходна помош”.

Стратешка цел на Фондацијата е:

Хуманитарни активности преку собирање средства и нивно насочување кон одредени сегменти во општеството кои се од интерес за пошироката јавност, како што се образование, животна средина и спорт како и едукација на млади од секоја област.

Фондацијата ќе ги реализира следниве активности:

Подршка на талентирани студенти од Општина Кавадарци.
Помагање и подршка на лица кои им е неопходно здравствено лекување .
Помагање на лица кои потекнуваат од фамилии со социјален статус во Оштина Кавадарци.
Подршка и потикнување на хуманитарни активности во Општина Кавадарци.
Организирање на хуманитарни настани во Општина Кавадарци.
Подршка на талентирани ученици и студенти од Општина Кавадарци.
Подобрување на животниот стандард на социјално загрозени семејства кои се погодени од елементарни незгоди (пожар, поплава) од Општина Кавадарци.
Подршка и помагање на деца без родители од Општина Кавадарци.
Подобрување на животот на лица со пречки во развојот од Општина Кавадарци.
Подобрување на животот на стари и изнемоштени лица од Општина Кавадарци.

Кавадарци

Датум 14.02.2018 година
Фондација

"НИКОЛА ЈАНЧЕВ"

Кавадарци

Одбор

Веселка Јанчева

______________________________

Јанинка Чупаркоска

______________________________

Тодор Ефремов

______________________________

Горан Чулев

______________________________

Диме Темелков

______________________________